САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XII

*Уређивачки одбор*

др Дејан Ајдачић, Instytut Studiów Klasycznych i Slawistyki, Uniwersytet Gdański
др Екатерина Анастасова, Институтът за етнология и фолклористика с Етнографски музей при БАН, София
др Смиљана Ђорђевић Белић, Институт за књижевност и уметност, Београд
др Ольга Белова, Институт славяноведения Российской академии наук, Москва
др Таццяна Валодзина, Центр исследований белорусской культуры, языка и литературы НАН Беларуси, Мінск
др Драгана Ђурић, Балканолошки институт САНУ, Београд
др Бранко Златковић, Институт за књижевност и уметност, Београд
др Александар Јерков, Универзитетска библиотека „Светозар Марковић”, Београд
dr Joanna Rękas, Uniwersytet im. Adama Mickiewicza w Poznaniu, Poznań
dr Mirjam Mencej, Oddelek za etnologijo in kulturno antropologijo Filozofske fakultete Univerze v Ljubljani, Ljubljana
др Оксана Микитенко, Інституту мистецтвознавства, фольклористики та етнології ім. М.Т. Рильського НАН України, Київ
др Данка Лајић Михајловић, Музиколошки институт САНУ, Београд
др Данијела Поповић Николић, Филозофски факултет, Ниш
др Jaroslav Otčenášek, Etnologický ústav Akademie věd České republiky Praha
др Јеленка Пандуревић, Филолошки факултет Универзитета у Бањој Луци, Бања Лука
др Данијела Петковић, Институт за књижевност и уметност, Београд
др Бошко Сувајџић, Филолошки факултет Универзитета у Београду

*Рецензенти*

др Ана Витанова-Рингачева, др Зорица Витић, др Богдан Дражета,
др Смиљана Ђорђевић Белић, др Мирјана Закић, др Сања Златановић,
др Бранко Златковић, др Милина Ивановић Баришић,
др Светлана Юрьевна Королёва, др Сања Лазаревић Радак, Милан Лукић,
др Зона Мркаљ, др Јеленка Пандуревић, др Љубинко Раденковић,
др Немања Радуловић, др Сања Ранковић, др Биљана Сикимић,
др Наташа Станковић Шошо, др Бошко Сувајџић, др Светлана Ћирковић

# САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XII

Тематски зборник радова

*Уредници*

др Данијела Петковић
др Дејан Ајдачић

Удружење фолклориста Србије, Београд
Универзитетска библиотека „Светозар Марковић", Београд
Комисија за фолклористику Међународног комитета слависта
Центар за културу „Вук Караџић", Лозница
Научно-образовно културни центар „Вук Караџић", Тршић

Београд – Лозница – Тршић 2023

# САДРЖАЈ

УВОДНА РЕЧ ......................................................................................................9

I
**Великани словенске фолклористике**

Бошко Сувајџић
АКАДЕМИК НАДА МИЛОШЕВИЋ ЂОРЂЕВИЋ
– КОРИФЕЈ СРПСКЕ ФОЛКЛОРИСТИКЕ ..............................................................13

Наташа Станковић Шошо
ДОПРИНОС АКАДЕМИКА НАДЕ МИЛОШЕВИЋ ЂОРЂЕВИЋ
РАЗВОЈУ ФОЛКЛОРИСТИКЕ У НАСТАВИ .........................................................33

Миливој Бајшански
АНТОЛОГИЧАРСКИ РАД НАДЕ МИЛОШЕВИЋ ЂОРЂЕВИЋ ..........................43

Ана Витанова-Рингачева, Сузана Мицева
СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОРИСТ ИВАН КОТЕВ
– МОСТ МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА И СРПСКАТА ФОЛКЛОРИСТИКА
(ФАКТОГРАФСКО-АНАЛИТИЧКИ ПРИСТАП) ..................................................57

Вероника Абрамова, Юлия Архангельская
«ЭТО ВСЁ МОИ ДРУЗЬЯ – ПРОПП, ШАПИР И ПОТЕБНЯ»:
УЧЕНЫЕ-СЛАВИСТЫ В СОВРЕМЕННОМ СЕТЕВОМ ФОЛЬКЛОРЕ .............65

Александра Бјелић
РУКОПИСНА БИБЛИОГРАФИЈА РАДОВА О НАРОДНОЈ КЊИЖЕВНОСТИ
ВОЈИСЛАВА М. ЈОВАНОВИЋА МАРАМБОА .......................................................79

II
**Словенске фолклористичке везе**

Иван Котев
ФОРМИ НА СОРАБОТКА МЕЃУ
МАКЕДОНСКИТЕ И СРПСКИТЕ ФОЛКЛОРИСТИ ..............................................93

Дејан Ајдачић
СРПСКИ ФОЛКЛОР У РУСКОЈ ФОЛКЛОРИСТИЦИ 19. ВЕКА ........................105

Мирослава Карацуба
СЕРБСЬКА НАРОДНА ПОЕЗІЯ В УКРАЇНСЬКІЙ ЛІТЕРАТУРНІЙ
ІНТЕРПРЕТАЦІЇ СЕРЕДИНИ XIX–XX СТ. .........................................................117

Михал Пејаш
ПОЉСКЕ ЕЛИТЕ О ХАЈДУЧКОМ ПОКРЕТУ КОД СРБА
– ДИЈАХРОНИЈСКИ ПРЕГЛЕД ..............................................................................129

Зона Мркаљ
ЕЛЕМЕНТИ СЛОВЕНСКОГ ФОЛКЛОРА У СРПСКИМ ЧИТАНКАМА ..........137

Ана Витанова-Рингачева
ЕРОТСКИТЕ НАРОДНИ ПЕСНИ ВО МАКЕДОНСКАТА И СРПСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ОБРЕДНАТА ПРАКТИКА (ВРЗ ПРИМЕРИ ОД КНИГАТА *ИГРАЛЕ МОМИ ПО МЕСЕЧИНА* ОД ИВАН КОТЕВ И ДЕЛОТО НА ВУК КАРАЏИЌ) ..........149

Наташа Дракулић Козић
УПОРЕДНИ ПОГЛЕД НА СРПСКУ И СЛОВАЧКУ ВАРИЈАНТУ БАЈКЕ О ЦАРЕВИЋУ, КРАЉЕВИЋУ КОЈИ СЕ ЖЕНИ ДЕВОЈКОМ-ПАУНОМ ..........165

Снежана Милојевић
ФОЛКЛОРНИ МОТИВ ПРЕРУШЕНОГ КРАЉА У *ЖИТИЈУ КРАЉА МИЛУТИНА* ДАНИЛА II ..........179

## III
## У свету епске песме

Дејан Илић
ЗБИРКА ЕПСКИХ ПЕСАМА НИКОЛЕ Т. КАШИКОВИЋА ..........195

Данијела Петковић
НЕУГЛЕДНИ ЈУНАЦИ ЈУЖНОСЛОВЕНСКИХ ЕПСКИХ ПЕСАМА И РУСКИХ БИЉИНА ..........223

Данијела Лекић
„ПОМАЛО ЈЕ ТАКИЈЕХ ЈУНАКА”: ОДМЕТНИЦИ И ЈУНАЦИ У „БАНОВИЋ СТРАХИЊИ” И *БЕОВУЛФУ* ..........233

Марија Миљковић
ФУНКЦИЈА ПОСЕСТРИМЕ У НАРОДНИМ ЕПСКИМ ПЕСМАМА СА КОСОВА И МЕТОХИЈЕ ..........247

## IV
## Људи, обичаји, предања

Драгана Ђурић
ОБИЧАЈНИ ПОСТУПЦИ ПРИЛИКОМ УМИРАЊА ЧОВЕКА У КУЋИ – НЕКЕ СЛОВЕНСКЕ ПАРАЛЕЛЕ ..........263

Биљана Анђелковић
МИЛОШ ОБИЛИЋ У НАРОДНОМ И МАНАСТИРСКОМ ПРЕДАЊУ У ОКОЛИНИ ГОЛУПЦА ..........277

Александар Павловић
СРБИ У КОСОВСКОЈ МИТРОВИЦИ: НАРАТИВИ О САДАШЊИЦИ И ЖЕЉЕНОЈ СУТРАШЊИЦИ У СВЕТЛУ ПАРАЛЕЛЕ СА МОТИВИМА ФОЛКЛОРНИХ ФОРМИ ..........295

Богдан Дражета
ПРОЖИМАЊА, УДАЉАВАЊА И СПОРЕЊА МЕЂУ
БОШЊАЦИМА, СРБИМА И ХРВАТИМА
У БОСНИ И ХЕРЦЕГОВИНИ ПОЧЕТКОМ XXI ВЕКА ....................................321

**V**
**Музика и речи**

Зорана Гуја Дражета
ЈЕЛИЦА БЕЛОВИЋ БЕРНАЦИКОВСКА: ОД МАЛЕ ВЕЗИЉЕ
ДО ГУСЛАРСКИХ ПЈЕСАМА КРОЗ ПРЕПИСКЕ И САРАДЊЕ ....................337

Веселка Тончева
ТРАДИЦИОННАТА ПЕСЕН НА *ГОРАНИТЕ* В ИЗСЛЕДВАНИЯТА
НА СРЪБСКИ, СЛАВЯНСКИ И ЧУЖДЕСТРАННИ АВТОРИ ............................351

Милица Стојановић
„МУЗИЧКИ ГЛАГОЛИ” У СРПСКОМ ЈЕЗИКУ
– ГЛАГОЛИ МОТИВИСАНИ НАЗИВИМА
НАРОДНИХ МУЗИЧКИХ ИНСТРУМЕНАТА .....................................................365

Драгана Цвијовић
СЕМАНТИЧКА АНАЛИЗА ЛЕКСЕМА КОЈИМА СЕ ИМЕНУЈУ ЧЛАНОВИ
ПОРОДИЧНИХ И РОДБИНСКИХ ОДНОСА У ЗБИРЦИ ПРИПОВЕДАКА
*СЛИКЕ ИЗ СЕОСКОГ ЖИВОТА* Ј. ВЕСЕЛИНОВИЋА ...................................377

**VI**
**Нова струјања и прагматика фолклора**

Смиљана Ђорђевић Белић
ПАНДЕМИЈА COVID 19 – ЕТИОЛОШКО-ЕСХАТОЛОШКИ НАРАТИВ
НА ПРИМЕРИМА ИЗ СРБИЈЕ .........................................................................389

Suzana Marjanić
„CELL-APOCALYPSE” STEPHENA KINGA U KONTEKSTU REALNIH
IZVJEŠTAJA O GEOINŽENJERINGU ILI O TEORIJAMA ZAVJERA
KAO SUVREMENIM PREDAJAMA .....................................................................415

Магдалена Богуславска
ТЕРАПЕУТСКИ ЗНАЧАЈ СЛОВЕНСКОГ ФОЛКЛОРА
У САВРЕМЕНОЈ КУЛТУРИ. СЛУЧАЈ СЛОВЕНСКЕ ГИМНАСТИКЕ ЗА ЖЕНЕ .....429

Вероника Абрамова
СИМВОЛЫ РЕГИОНАЛЬНОЙ ИДЕНТИЧНОСТИ
В ТУЛЬСКОМ ГОРОДСКОМ ФОЛЬКЛОРЕ .....................................................441

Марко Стојановић
МАНИФЕСТАЦИОНИ ТУРИЗАМ У КОНТЕКСТУ
НЕМАТЕРИЈАЛНОГ КУЛТУРНОГ НАСЛЕЂА .................................................457

# I

# Великани словенске фолклористике

Ана Витанова-Рингачева*
Филолошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“
Штип, Северна Македонија

[392.6+398.838]:612.6.057(=163.3)(=163.41)
[392.6+398.838]:612.6.057:[929 Karadžić V. S.
[392.6+398.838]:612.6.057:[929 Kotev I.

# ЕРОТСКИТЕ НАРОДНИ ПЕСНИ ВО МАКЕДОНСКАТА И СРПСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ОБРЕДНАТА ПРАКТИКА (Врз примери од книгата *Играле моми по месечина* од Иван Котев и делото на Вук Караџиќ)

Прикриените манифестации на сексуалноста, најприродно излегуваат на површина во форма на поетски или прозен запис, анегдота, поговорка, пословица, брзозборка и сл. Најизрезената карактеристика на еротскиот фолклор е опсценоста, специфичен код на изразување на сексуалниот порив, што човекот природно го поседува. Еротското како културен феномен опфаќа најразлични обичаи, прописи, забрани, кодови кои се амбивалентно поставени во однос на природното и културолошкото. Слушањето и пеењето еротски песни претставува чин на спознавање, кој упатува на најдлабоките слоеви на човековото постоење. Песните со еротски мотиви всушност претставуваат слика на т. н. праакт на создавањето и обновата на поредокот. Артикулацијата на половото општење била сосема природна состојба во перцепцијата на нашите предци. Голото човечко тело не се вулгаризирало, напротив, се славело и околу него се развила цела обредна практика во насока на обезбедување плодност. Половиот однос значел сигурно потомство, но и поттикнување на природата да биде плодородна. Еротиката и хуморот се во заемна симбиоза и тие се дел од обредот којшто има магиска функција, при комуникацијата со сакралниот свет и ритуалниот допир со митскиот предок. Играта, танцот, магијата, симболиката на Месечината и лиминалното време во народните песни со еротски мотиви, ќе бидат во фокусот на нашето истражување, преку примери од собирачката дејност на македонските и српските собирачи и фолклористи, Иван Котев и Вук Караџиќ.

**Клучни зборови**: еротски фолклор, обреди, песни, игра, Иван Котев, Вук Караџиќ.

Кога говориме за еротскиот фолклор, воопшто, мислиме на парадигмата за древната поставеност на сликата на светот, која во својата суштина подразбира соединување на машкиот и женскиот принцип, во содејство со законите на природата, обезбедување плодност и опстанок на родот. Како

* ana.ringaceva@ugd.edu.mk

синоними за еротскиот фолклор се среќаваат термините: *мрсен*, *нечист*, *таен фолклор*, што самото по себе говори за обидот на човекот да го именува она што не е во склад со моралните и етички норми, по кои треба да постапува. Интересен е последниот израз, *таен фолклор*, кој всушност и претставува најнов синоним за еротскиот фолклор. Придавката *таен* соодветствува со природата на овој вид народно творештво, не само заради тоа што претставува еден таен слој на народната култура, туку најмногу заради тоа што тој навистина се кажува (пее) тајно (Мильов 1992: 3–4). Имено, творбите со еротска содржина се кажуваат или пеат во потесен круг на слушатели, кои најчесто се или од ист пол (само мажи или само жени), или на иста возраст. Најчесто, кога пејачот или нараторот сака да каже нешто (песна, анегдота, приказна, поговорка, виц) со еротски предзнак, тој го намалува гласот, го кажува тоа тивко или пак со дигресија. Таквото тивко кажување е карактеристично за обредните активности поврзани со: претсвадбените ритуали, кога невестата се подготвува за првата брачна ноќ, при крштевање, давање благослов, баење и слично. За овој процес на кажување неопходна е специфична средина, ограничена со одредени показатели (пол, возраст и сл.), како и време, подобно за таков вид комуникација (Miceva 2000: 466).

*Безобразни*, *срамни*, *мрсни*, *недолични*, *непристојни*, *вулгарни*, *опсцени*, *ласцивни* се само дел од терминолошките одредници што се среќаваат како синоними за творбите со еротска содржина. Во еден наш претходен труд, констатиравме творбите со еротска содржина се најбогатите, најкреативни и најколоритни креации на слободната човекова мисла. Еротиката како важен сегмент во животот на човекот има централно место, таа е над сите вредности кон кои се стреми човекот, бидејќи лежи во основата на биолошката потреба да се остави потомство. Нејзиното потиснување или изложеност на какви било репресивни сили, доведува до дисфункционалност на човекот и неговата улога во одржување на природната хомеостаза. Потиснувањето на природните нагони има своја основа во поставеноста на психоструктурата на човекот. Човекот со животински нагони станува човечко суштество, само преку темелна трансформација на неговата природа, која ги опфаќа, не само нагонските цели, туку и ги нагонските „вредностите“ – односно принципите што управуваат со постигнувањата тие цели (Marcuse 1985: 24). Според Фројд, судбината на човековата слобода и среќа зависат од борбата со нагоните, што всушност претставува борба меѓу животот и смртта, борба во која содејствуваат *сома* и *психа*, природата и цивилизацијата.

Секоја култура има свој посебен однос кон еротското, но заедничко за сите е што еротското е во суштината на целокупната обредно-ритуална практика, којашто оставила свои траги во дадената култура. Еротскиот фолклор содржи драгоцени материјали што можат да бидат од исклучителна корист при проучувањето на животот и традицијата на еден народ, но и воопшто на еден поголем ареал, како што е балканскиот и воопшто, јужнословенскиот фолклор. Самиот факт што станува збор за содржина оптоварена со опсценост, ја оправдува дилемата на собирачите, дали ваквата граѓа треба да се обзнани или не. Во овој труд ја разгледуваме оставнината на знаменитите македонски и српски собирачи на народното творештво,

кои се соочиле со предизвикот, како да постапат кога станува збор за објавувањето на еротскиот фолклор. Денес во науката позната е постапката на прибегнување кон своевидна автоцензура, што значи дека самите тие биле во постојана борба со моралните и етичките принципи и поривот да се запише фолклорното богатство, за да им се остави во наследство на идните поколенија.

Во македонската фолклористика познат е примерот со најголемиот македонски собирач на народно творештво Марко Цепенков, кој интервенирал во содржината на приказните со ублажување или изоставање на „гнасните" зборови, а исто така имал сомнежи за исправноста на одлуката за публикување на еротските творби, па дури и барал од издавачот да не го споменува неговото име, а ракописите да ги изгори веднаш по нивното објавување. Слична автоцензура се среќава и кај Кузман Шапкарев, а и самите информатори и истражувачи често сакале да останат анонимни. Во српскиот фолклор највоочлив е примерот со Вук Караџиќ, чии еротски песни и пословици долго останале необјавени, па прочуената петта книга *Особите пјесме и поскочице*, којашто била криена од јавноста, е објавена во ограничен тираж дури во 1974, со назнака на корицата, „само за научна употреба". Но, општопознат е фактот дека овие творби сепак продреле во пошироката јавност, што е почеток на менувањето на односот кон еротскиот фолклор на балканските простори. Почетоците на интензивен и отворен интерес за еротската тематика во Србија се врзуваат со името на Вук Караџиќ и неговата собирачка дејност врзана за т. н. „безобразни" народни песни. Меѓутоа, еротиката како тема се среќава многу порано, некаде во првите децении на XVIII век. Во моментот кога Вук стапува на сцена, српското еротско творештво од XVIII и раниот XIX век веќе било развиено и оформено како автентичен феномен, чии специфичности во голема мера биле определени од културното миље и самата средина во која егзистирало (Дамјанов 2011: 11). *Особите пјесме и поскочице* (1974), *Црвен бан* (1979), *Бесрамна књига* (1937), *Кудиља и вретено* (1980), *Мрсне приче* (1984) – дела издадени во втората половина на XX век, според Јеленка Пандуровиќ го привлекуваат вниманието кон моќната и инспиративна традиционална матрица, којашто шретставува едно од најсилните и најзначајни упоришта, но и најсигурни уточишта за постфолклорното творештво. Без оглед на сите цензури, општествени, религиозни и културолошки, еротиката секогаш се пробивала и, наоѓајќи ги најмалите празнини, влегувала во потсвеста, таму го заземала местото што природно ѝ припаѓа (Витанова-Рингачева 2019: 161).

Македонското еротско народно творештво е предмет на анализа на авторитети кои се занимавале со проучување на оваа доста чувствителна тема, иако нивниот број е прилично мал. Имено, првиот објавен труд и првата книга во чиј фокус е еротскиот фолклор се дело на еден од најголемите македонски проучувачи на фолклорот Кирил Пенушлиски (Пенушлиски, Кирил. *Македонски еротски приказни*, Мисла, Скопје, 1981). А првата антологија на македонскиот еротски фолклор е направена дури во 2017. година, а е дело на проф. Ана Мартиновска. Станува збор за книгата *Голиот*

*на гости* (Скопје, МИ-АН, 2017). Во 2018. година излезе од печат книгата *Играле моми по месечина* на најголемиот современ и сè уште активен фолклорист Иван Котев. Неговото петдеценско фолклористичко искуство ќе му даде можност, на терен да запише драгоцени фолклористички материјали со еротски предзнак. Воден од мислата дали да ги објави или да ги остави да стојат само како аудио-записи, Котев во 2018. година го прави вистинскиот чекор. Анализирајќи ја содржината на книгата, увидовме дека фолклористичката граѓа што ја содржи, претставува вреден влог во науката која постојано се обидува да докаже (и докажала) дека, творештвото создадено од народот е целосно во согласност со богатата обредност, која истиот народ ја негува(л). Еротскиот фолклор е големо поле за истражување, но во овој труд ќе направиме паралела на еротските народни песни во книгата *Играле моми по месечина* од Иван Котев и еротските песни собрани и запишани од Вук Караџиќ, уште една во низата паралели на македонско-српските книжевни врски, коишто се навистина цврсти и опстанале и покрај постојаните влијанија од општествен, економски, политички и културолошки карактер. Имајќи ја предвид обемноста на граѓата, се осврнуваме исклучиво на *еротската народна песна* запишана од Котев и Караџиќ, онаа песна која останала како реликт од разновидната и богата обредност и кај македонскиот и кај српскиот народ. Песната останала да сведочи за тоа, како човекот, во обид да ја сочува заедницата, да обезбеди род и пород во семејството, кај стоката, по нивите, прибегнувал кон извршување на ритуални активности, со верба дека ќе ја постигне својата цел… Да се истражува еротското, значи да се тргне од изворот на животното искуство, кое во основа е еротски структурирано, што пак укажува на фактот дека еротизмот претставува еден од основните феномени на човековото постоење.

Еротското ја подразбира опсценоста како негов составен елемент и претставува антрополошки феномен, составен дел од развојот на секоја култура. Созревањето на единката во рамки на социумот, неминовно подразбира запознавање или соочување со еротската страна на животот која се учи, токму преку формите на еротскиот фолклор. Имено, младата единка, во процесот на воспитување, созревање и активно вклучување во социјалниот живот на заедницата на која припаѓа, мора да ги помине фазите на иницијација, во чиј тек еротското е неминовност. Секоја култура поставува свои механизми за регулација на сексуалноста, која пак од друга страна е неопходна за човекот да го достигне степенот на самоидентификација. Во еротскиот дискурс и голото тело и љубовната прегратка и актот се самоисцрпуваат. Тие се крајната цел на текстот и не носат друго значење освен едно – човекот како сексуално битие (Stanoev 2000: 510). Слушањето и пеењето еротски песни претставува чин на спознавање, кој упатува на најдлабоките слоеви на човековото постоење. Т. н. антиоднесување најчесто има ритуален и магиски карактер и се случува заради постигнување некаква цел. Всушност, антиоднесувањето како чин на прекршување на поставените норми, е во корелативен однос со традицијата, односно со нејзиното чување и негување. Обредните машки поворки за време на некрстените денови како и коледарските песни што се пеат на денот пред Божиќ, се форма на

антиоднесување, односно луѓето верувале дека во т. н. нечисти денови треба да се греши, за на денот на големото крштевање, преку водата, телото да се очисти од грев, а преку индивидуалното очистување ќе се случи и очистување на колективот. Ритуалното архаично однесување како тип на антиоднесување, всушност ги чува живи паганските културни обрасци. Според Успенски, магиското антиоднесување по своето потекло е поврзано со паганските претстави за онострaниот свет. Архаичното поимање на онострaниот свет го претставува како свет спротивно ориентиран од реалниот. Оваа претстава е широко распространета и затоа се смета дека има универзален карактер.

Песните со еротски мотиви всушност претставуваат слика на т. н. праакт на создавањето и обновата на поредокот. Артикулацијата на половото општење била сосема природна состојба во перцепцијата на нашите предци. Голото човечко тело не се вулгаризирало, напротив, се славело и околу него се развила цела обредна практика во насока на обезбедување плодност. Половиот однос значел сигурно потомство, но и поттикнување на природата да биде плодородна. Доброслава Венжовиќ-Зјулковска подвлекува дека во животот на луѓето скоро и да не постои област во која не може да се најде извор на сексуални асоцијации. Таа се повикува на тезата на Бахтин за сликата на човековото тело како телесно-конкретна мера за светот. Преку телото светот добива нова смисла и материјална конкретност, откривајќи ги неочекуваните содејства на нештата и појавите коишто дотогаш биле далечни и не се поврзувале со човековата сексуалност (Venžovič-Zjulkovska 2000: 350). Да се артикулира еротското значи да се канализира онаа енергија што го оптоварува човекот. Нејзината неутрализација значи очистување на духот, негово обновување и враќање во сферите на исконското и симболично ново раѓање. Хуморот и смеата предизвикани од еротското, се чиста есенција на таа неутрализација. Еротиката и хуморот се во заемна симбиоза и тие се дел од обредот којшто има магиска функција, при комуникацијата со сакралниот свет и ритуалниот допир со митскиот предок.

> Смеењето како канал за филтрирање на стравот, лутината, агресијата, потиснатите емоции, всушност претставува психофизиолошки чин или чин на неопходност или неизбежност на човечкиот одговор. Таквото однесување било во согласност со календарскиот циклус и во одредено доба во годината, било оправдано или практично неизбежно. (Uspenski 2000: 447)

Според Бахтин пак, смеата е ритуал преку кој се рушат сите граници и авторитети, а комичните ефекти всушност се резултат на длабоката вкоренетост во прастарите обредни активности на пеење и игра со опсцена содржина, со цел поттикнување и јакнење на животната сила и обезбедување плодност и континуитет на заедницата. Низ парадигмата на карневализација на табуизираното секојдневие, се случува моментот на воведување на лиминалното време, кога се прави и изговара сето она што е забрането, срамно или несоодветено на моралните норми. Таквите превртени слики, коишто претставуваат своевидна инверзија на реалноста, создаваат смешни, гротескни и зазорни претстави, коишто се вклопуваат во

колективното поимање на реалноста. Обредното смеење има посебно место во еротскиот фолклор. Најчесто, смеењето го предизвикуваат навидум гротескни сцени поврзани со парот дедо-баба.

Во песните се среќаваат ликовите на старецот и старицата (баба и дедо), ликови од календарската обредност на Балканот, всушност имаат исто така архаичен предзнак.

Месечина
Баш као дан,
Лежи баба
Баш као пањ;
Отуд иде
Старац вук:
Заби баби
Баш као тук.
(Караџић, п. 328)

Баба дједа у прољеће звала,
Жуковим се цвећем окитила,
Поскакује, на зло дједа мами,
Опрегљаћу баца му на глави.
(Караџић, п. 83)

Баба бега по стр’ниште,
дедо трча со куриште!
Баба се сопна, дедо ј го опна!
(Котев, п. 14)

Всушност, преку овој пар кој за Зечевиќ претставува „примарна божествена двојка“, се алудира на плодноста, нејзината постојаност и долговечност. Според општото верување родоначалниците и предците се почитувани како божества или како демони, кои врз себе ја преземаат функцијата за обезбедување на плодноста. Тие се хипостаза на мртвите во својата група (Здравев, Вражиновски 1998: 66).

> Хипертрофираниот еротизам и похотливоста на старците коишто ја исполниле својата биолошка функција, ги воведува во маргиналните простори, во просторите на обредното инверзивно однесување, со што се вклопуваат во системот на митолошки претстави од култот на плодноста со траги од обредното смеење (Карановић 2020: 40–41).

Според Бахтин ваквиот тип смеење е поврзано со древните празници од аграрен и иницијациски тип, кои се во врска со кризните, пресвртните моменти во животот на природата, заедницата и човекот (Bahtin 1978: 16). Пресвртните моменти од животот на природата се однесуваат најчесто на времето кога започнува да вегетира, кога се буди и раззеленува (Ѓурѓовденските празнувања), а во животот на човекот пресвртниот момент е подготовката за брак. Овие т. н. кризни или пресвртни моменти во сфаќањето

на примитивниот ум се обележани симболично како смрт и воскреснување, смена и обновување. Бахтиновото сфаќање на смешното (во неговото дело за Франсоа Рабле) значи негово прифаќање не како индивидуална категорија, туку како колективно чувство на надмоќ и неуништливост на човекот, во однос на универзалната поставеност на светот. На празничниот плоштад за време на карневалската гужва, човекот ја чувствува неуништливата страна на животот. Допирајќи се со туѓите тела од сите возрасти и полови, човекот чувствува дека е дел од народот кој вечно расте и се обновува (Bahtin 1978: 107). Играта, танцот и лиминалното време се неизбежни елементи во еротските народни песни. Според Кајоа, играта како онтолошки темел на културата е нераскинлив дел од животот на нашите предци.

Еротскиот фолклор е прешироk поим за анализа. Во овој труд фокусот е насочен кон еротските песни собрани од големиот Вук Караџиќ и најголемиот современ македонски собирач Иван Котев. Двајцата големи собирачи живеат и работат во различно време, Вук во XIX, Котев во XX век, но имаат една иста заедничка цел, она што народот го создал, да се собере зрно по зрно и да се остави како најголемо културно наследство. Увидот во нивната оставнина, кога се во прашање еротските песни, покажа дека, мотивите коишто се среќаваат во еротската поезија се заеднички и за македонскиот и за српскиот еротски фолклор: губење на невиноста на девојката, опозитите *млад – стар* (брак меѓу млада девојка и постар партнер), *баба – дедо*, опозитот *свој – туѓ* (врска со Евреин/Еврејка, Ром/Ромка), неверство во бракот, похотноста на свештените лица и потсмевот кон нив и сл.

Меѓутоа она што е најтесен наш интерес се еротските народни песни во кои се идентификува обредниот елемент. Сосема свесни дека еротскиот фолклор содржи скаменети елементи од древните култови, правиме обид истите делумно да ги детектираме и анализираме, а со тоа и да повлечеме паралела меѓу македонскиот и српскиот еротски фолклор. Песните од овој ареал се градени на основа на еротиката како составен дел од обредите на плодноста, половиот однос како симбол на животот наспроти смртта и еротиката како израз на карневалската култура во која доминира обратната слика за светот (Krekovičova 2000: 384). Познат е фактот дека песните од обредниот тематски круг, се песни лесно податливи на влијанија од сферите на еротското поимање на светот. Имено, овие песни најчесто се изведувале како дел од свадбените обредни активности, коишто неминовно го подразбираат присуството на еротиката. Опсценоста неминивно е поврзана со обредноста која покрај другите, ги подразбира и одбредите за плодност. Гласното изговарање на опсцените зборови и изрази е во функција на т. н. *посебен магиски говор*, а од друга страна се случува и т. н. *обележување на просторот*, во кој се случуваат обредните активности.

Еротските песни имаат свој архаичен предок, односно, се во најдиректна врска со обредите на иницијација и обредите за плодност што ги опфаќаат магиските активности за обнова на природата, коишто се изведувале во периодот на раѓањето на новото сонце, Коледе и Божиќ. Еротскиот фолклор самиот по себе е форма што ги чува обредно-обичајните активности на

нашите предци, како и магиско-ритуалните поглавја, а ги инкорпорира и митолошко-календарските циклуси. Ако се направи вертикален увид, може да се согледа дека тие во себе содржат лепеза митолошки елементи, иницијациски потфати и универзални книжевни матрици. Еротските народни песни чуваат траги т. н. „женско начело“ кое пак во себе го инкорпорира тројното матријархално божество. Тројната природа на матријархалното божество ги подразбира принципот на раѓање, еротскиот и хтонскиот принцип. Стожерот е жената којашто се појавува најчесто во три неиздиференцирани улоги: како невеста, мајка или сестра. Интересно е присуството на мајката, бабата, тетката како жени што веќе го оствариле своето репродуктивно право, односно, оставиле пород, па тие се појавуваат како протопит на ликови во улога на стимулатори на плодородитето. Женското начело поседува посебно место во антроплошките проучувања на фолклорот, заради фактот што во себе ги носи и чува трагите од првобитниот синкретизам на архаичната култура на човештвото. Елијаде говори за Големата мајка како провобитно небеско божество од женски пол, следствено на тоа светите тајни им се достапни само на жените. Лунарниот принцип е сообразен со женскиот принцип ги присоединува ноќта, водата, громот, растенијата, цикличноста, обновливоста.

Жените како чувари на календарските обредно-магиски ритуали се зачувани во фолклорот како рецидиви од далечното минато. Во митологијата и магијата за плодност паралелизмот на претставите за урамнотежување на луѓето и природата, уверувањето за поврзаноста на сексот со растот на посевите и размножувањето на стоката, се користат во постапките во кои половиот орган и работата имаат вистинска и симболичка важност за напредокот на целата заедница (Ajdačić 2000: 492).

Играле моми
по месечина,
растрес’ле путки
като гургутки!
Играле моми
и песни пеат –
ергените гледат
и слатко се смеат.1
(Котев, п. 23)

Заводливата игра на момите под месечина народниот пејач ја претставува со нагласување на еротското, кое е во функција на обезбедување плодност и сигурно потомство. Месечината го симболизира женскиот принцип, аналогно на тоа таа е симбол на цикличноста, обновата, преобразбата и плодноста. Како симбол на биолошкиот ритам на природата, месечината е небесно тело коешто управува со законите на цикличната еволуција, а кои зависат од дождот, водата, вегетацијата, плодноста и сл. Факт е дека и нашиот примитивен предок интуитивно ги познавал и строго почитувал природните

[1] Песната е дел од истоимената книга: Котев, Иван. *Играле моми по месечина (еротска народна поезија и проза од Струмица и Струмичко)*. Струмица, 2018, стр. 33.

закони на цикличноста и обновливоста, што самите по себе ја вклучуваат месечината како симбол. Месечината како извор на безброј приказни, митови, верувања, обреди е космички симбол што ги обединува сите народи и епохи. Низ митологијата, фолклорот, народните бајки и поезијата, тој симбол се однесува на божественоста на жената и на оплодувачката моќ на животот, кои пак се отелотворени во божествената растителна и животинска плодност вградени во култот на Големата мајка (Chevalier, J. Gheerbrant 1987: 409).

Познати се митските претстави за Месечината како жена (полна месечина), а младата месечина се поистоветува со машкиот принцип. Таквиот амбиваленетен пристап ја прави месечевата симболика уште побогата и поширока. Оттука и поврзувањето на месечината со оргијастичките култови е сосема разбирливо и логично. Самата игра на голото женско тело под месечина упатува на оргијастичката природа на танцот како магиски елемент, со корен длабоко во древноста. Очигледно, целта на орото е будење и поттикнување на плодноста, а самата обредна активност е обвиткана со слобода, разузданост, ослободување, освојување на просторот од страна на жената како доминантен принцип, со употреба на опсцениот говор без ограничувања. Можеме да кажеме дека ваквото однесување на жената е во најдиректна корелација со имитативната магија – поттикнување на природата на плодност и давање енергија на животните сили. Љупчо С. Ристески истражувајќи ги оргијастичките елементи обредите поврзани со култот кон Месечината, обредните активности од ваков тип ги поврзува со оргијазмот кој Воин Матиќ го дефинира како *специфичен културен феномен*.

> Оргијазмот подразбира интензивно магиско дејствување на жените во посебни прилики кога се нагласува голотијата, сексуалноста, обредното играње и истакнување на половите органи, подражавање на половото задоволување, со единствена цел, природата да се поттикне на слична активност, заради лична добивка. Наиме, заедничката добробит на заедницата, луѓето магиски ја присвојуваат за себе. (Risteski 2000: 54)

Фокусот го ставаме на обредните активности за преземање или крадење на млекото од стоката. Овој ритуал се изведува во деновите на премин од една состојба во друга, односно, ноќта пред празникот Ѓурѓовден, празник кога се слави будењето на природата и нејзиното ново раѓање. Иако овој ритуал се прави во рамки на христијанската празнична традиција, сепак, станува збор за обредна активност со длабоки пагански корени. Овој обреден комплекс ги вклучува жените кои влегуваат во комуникација со Месечината (на одреден простор и во одредено време) и со обредно-оргијастичкото однесување стануваат дел од цел магиски комплекс. Обредите за плодност во кои има нагласена сексуалност се изведувале тајно, во време кога движењето на луѓето е сведено на минимум, на места коишто претставуваат гранични хронотопи. Самиот обред има временска и просторна организација што подразбира строго определено време и место кога истиот се изведува. Овој обред се изведувал ноќта пред празникот Ѓурѓовден, во глуво доба на полна месечина, најчесто на селското гумно, на нива или на раскрсница. Ристески дава детален преглед

на обредите на Македонците, Србите, Хрватите и Бугарите, што останале како вредни записи во фолклористиката и етнографијата. Со мали варијации, станува збор за истиот обред за preземање или одземање на бериќетот на стоката со учество на жените и Месечината. Т. н. „презимачки“ на бериќетот (млекото и житото) всушност се поместуваат во групата на извршители на магиски активности кои по својата тежина се наоѓаат на второ место, пред магиите за смрт, болест, неплодност, уништување на семејството. Нивната поттикнувачка сила не е омраза, како што е случај кај магијата на одмазада, туку желбата да се има добар род по секоја цена, без оглед на тоа што другите ќе претрпат штета (Цветановска 2002: 99).

При нашите лични теренски истражувања во с. Моноспитово, струмичко, наидовме на кажување во кое се опишува магискиот обред за преземање на бериќетот од селскиот добиток. Овој богат етнографски запис кој самиот информатор го именува како „млечна магија“ е досега необјавен, за првпат го приложуваме во овој труд, како апликација на нашата теза дека песните со еротски предзнак во кои се дава слика на играта на девојките под месечина всушност претставува реликт на овој стар обред:

> Тии ајтите ги прават млечните магии, саа им е времето. Едвај чекат Ѓурѓовден или на Руса среда да излезе месечиинта. Зимат го кросното и на сред ноќ одат на раскрсницата да си ги туцкат газовето и целио максл, од сите селски овци – млеко, сирне, масло, урда, јагнина, да оде накаде них... Ноќно време пред Ѓурѓовден, на сред ноќ, зимат едно кросно, одат на раскрсницата вонка уд сеелто од дек минува целио селски дубиток и шом ќе излезе месечиинта на сред ноќ, ги собуват гаштите, го јавнуват кросното като магаре и свртени со голи газове, грб со грб се туцкат и викат на цел глас:
>
> Туц, туц
> газ со газ –
> врчва масло
> меѓу нас.
> Само у нас
> јагнина да блет
> на друго место
> нека бутеат.[2]

Обредот на преземање на бериќетот, според изложениот етнографски материјал во трудот на Ристески, подразбира обреден комплекс за преземање на млекото и т. н. симнување на Месечината. Обредот го извршуваат жени во полна сексуална зрелост или доилки, кои играат околу стожерот на селското гумно јавајќи на кросно. Со тоа ја предизвикуваат Месечината да се симне на земјата за да ја искористат нејзината моќ во постигнување на целта, да се преземе бериќетот и да се присвои за себе. Употребата на кросното како обреден реквизит е во функција на успешно извршување на обредот, бидејќи кросното заради својата фалусоидна форма и неговото поставување меѓу нозете на жената која го изведува обредот, алудира на оплодувачката

[2] Информатор: Киро Донев, роден 21.03.1944. г. во с. Моноспитово.

функција. Во тој контекст, според Ристески, најважна е оргијастичката активност, акцентирањето на женскиот принцип и плодноста.

> Месечината е сведок на овие мистични, сокриени оргијастички движења на жените на гумното околу стожерот (фалусен симбол во директна врска со плодноста), коишто претставуваат еден вид сексуално примамување и покана за заедничка игра и општење со Месечината, со цел нејзината плодност да се пренесе на жените. Комуникацијата на жената и Месечината се одвива на ниво на општење, со цел осознавање на сите тајни на светот, како би се акумулирала моќта за извршување на магијата. Спуштањето на месечината на земјата, симболично означува плодоносен допир со земјата, нивите. Тоа е еден вид акт на оплодување на земјата. (Risteski 2000: 69)

Имено, самиот магиски обред има за цел трансмисија на моќта на природата врз човекот и обратно. Голото женско тело е важен дел од обредот. Голотијата ја осигурува врската со другиот, туѓиот, оностраниот свет. Оној што ја извршува магијата мора да биде гол за да може да влезе во доменот на туѓото, за да ја добие бараната моќ, за да ја оствари бараната комуникација (Станоева 1994: 74). Потребата да се воспостави релација со окултните сфери во време кога се случува т. н. инверзија на реалноста, играта има улога на медиум преку кој се премостува реалноста и се отвора можноста за влез во другиот свет. Празникот или денот пред него е идеалната временска рамка за отворање на таквиот канал на комуникација со оностраното. Според Кајоа, покрај тоа што играта може да биде слободна и спонтана, сепак таа се изведува по прописи, односно одредби со кои се укинуваат законите и за момент се воведува нов, единствен валиден закон. Од друга страна пак, фиктивноста е една значајна карактеристика на играта бидејќи играчите ги придружува свеста за некаков вид „второстепена реалност или целосна нереалност во однос на тековниот живот“ (Кајоа 1965: 40). Во еротските песни од оставнината на Вук Караџиќ, играта (орото) се среќава како составен дел од мотивот на песната, односно играта е обележаниот простор на кој се пласираат еротските нагони и желби:

Игра коло у Прогари
Ђесто, ђесто;
У том колу дилбер Јана.
(Караџић, п. 27)

Игра коло девојака,
Међ’ њи нико од момака,
Него чобан од оваца.
(Караџић, п. 30)

Игра коло насред села,
У колу је млад делија
Дуга гуњца до појаса,
Кратка курца до кољенца.
(Караџић, п. 31)

Кур-делија у коло играше,
А на њему гаће не бијаше.
(Караџић, п. 33).

Трага од древните култови во самите еротски песни препознаваме преку призмата на опсценоста, според која, човечкото тело и физиолошките процеси во него се во најдиректна врска со космосот и неговата поставеност. Еротските песни ги карактеризира посебен код на изразување на непристојната содржина, која пак самата по себе е специфична и се одвојува од останатите песни. Во опсцените песни сексуалниот акт се поистоветува со: 1. полската работа; 2. куќната (домаќинска) работа; 3. занатчиската работа; 4. берење (собирање) плодови; 5. играње, свирење; 6. јадење, голтање; 7. кинење, уништување облека; 8. повредување на телото, ранување, што пак се сведува на две основни низи: создавање храна и материјални добра и трошење енергија, конзумирање храна, уништување на материјалните добра или уште попросто на создавање и уништување на материјата, два пола коишто го одредуваат материјално-телесниот аспект на човечкиот живот (Venžovič-Zjulkovska 2000: 358). Во рамки на сексуалната симболика во песните се издвојуваат две основни низи – низа од машки симболи и симболи на машките гениталии и низа од женски симболи и женските гениталии, кои во парови изгледаат вака: плуг – нива; зрно – земја; коса – ливада; вретено – кудеља; колбаси – лонец; мачка – глушец; волк – коза; птица – гнездо; клуч – брава; ловец – шума и сл. Карактеристика на женската низа е пасивноста, статичноста, а на машката – активноста, динамичноста и подвижноста Низите се комплементарни меѓу себе и заедно даваат смисла на фузијата што се создава (Venžovič-Zjulkovska 2000: 359).

Сексуалната симболика на орањето, сеењето, жнеењето, односно на полските активности, всушност ја одразува плодноста, односно соединувањето на жената и земјата. Врската на плодноста со култот кон земјата се препознава во делот во кој метафората *нива за орање* се однесува на женскиот полов орган, а големината на фалусот скоро секогаш се хиперболизира. Машките и женските полови органи несомнено имаат значајно место во магиската практика на јужнословенските народи. Љубинко Раденковиќ, истражувајќи го човековото тело како вертикално поставена структура, посочува дека, делот од телото под папокот, има посебен статус и за него важат посебни табуа. Имено, овие делови имаат посебни називи, а самиот полов контакт симболично се претставува како воспоставување врска со светот на мртвите предци. Самото дефлорирање на невестата значело отворање на патот до светот на мртвите предци и непосреден допир со нив, бидејќи женскиот полов орган асоцира на *јама*, *бездна* или *порта* за оној свет (Radenković 2000: 27). Машкиот полов орган е всушност оној кој го пробива патот до бездната во која престојуваат мртвите предци, затоа Раденковиќ го апострофира терминот „пробивач“ (оној кој се пробива, оној кој пробива пат):

Ој ти секо у тканици,
Мој ти курац у јамици!
(Караџић, п. 223)

Та ено га, нено, гди дрма на врати,
Издрмао пола кључанице,
Зуб'ма шкрипи, курцем врата креће
Оћу ли му отворити врата?
Отвор', отвор', ћерко, проклета не била
Док је мајка твога доба била,
До зоре је девет намирила
И откала трополу поњаву!
(Караџић, п. 111)

На макроплан, овие делови од телото симболизираат место на кое се допираат земното (човечкото) и оностраното (сенките на покојниците) и затоа подлежат на посебни забрани, т. е. нивното покажување и употреба се контролирани од правилата на заедницата (Radenković 2000: 28). Половиот однос се доживувал како момент на поврзување на земниот и хтонскиот свет, зачнувањето се сметало како дар од хтонскиот свет, но и опасен чин при кој демонските хтонски сили можат лесно да остварат контакт со светот на живите и да нанесат некаква штета.

Еротскиот фолклор подразбира сложен систем на симболички претстави. Една од најраспространетите претстави е секако процесот на орање и сеење, берење плодови, уништување на дел од растителниот свет (особено билките), пиење вода и слично. Меѓутоа, при увидот на фолклорниот материјал, може да се воочи дека овие претстави имаат свои дополнувања, односно, народниот пејач ги надоградува и обогатува. Освен сеењето и орањето: „Ој Боре, Боре / кој ти дома оре..." (Котев, п. 53), се појавуваат и жнеењето и косењето: „Жњела баба дугу њиву" (Караџић, п. 90); „Калуђери траву косе међу горама, / Девојке им воду носе међу ногама" (Караџић, п. 112); најразлични домаќински активности (предење, шиење, хранење на домашните животни): „Ој, Лено, Ѓурѓелено, мори, / Што ти е платно набиено, мори? / На кур сам го навивала, море, / на ташаци, насновала море" (Котев, п. 79); „Кад извади мотовило, / Ја мљах сноват' хоће" (Караџић, п. 340); собирање или берење плодови: „Ојдела невеста, / на дренки брање / дека дренки брала, / там се поебала" (Котев, п. 65); најразлични занаетчиски активности (ковач, шивач, пекар, златар, оџачар и сл.): „Татко е златарин, / златарин сам и јас – / татко кове злато, / а момите јас. / Татко фурна има, / фурна имам јас – / татко месе тесто, / а момите јас..." (Котев, п. 8); одгледување стока (сточари, козари, говедари): „Татко е овчарин, / овчарин сам и јас – / татко м'зе овци, / а момите јас. / Татко е козарин, / козарин сам и јас – / татко пасе кози, / а момите јас." (Котев, п. 8); свирење на музички инструменти, најчесто дувачки (гајда, кавал, свирол...): „Земи, земи бре Петре, / тенката г'рнета / да засвиреш / Софкината песна!" (Котев, п. 6); јадење или подготовка на храна: „Митра свари траано, / тури го у саано; Митре нејќе да јаде / дури путка не му даде" (Котев, п. 75); „Ти, гајдашу, само свирај, / А у пицу ништ' не дирај" (Караџић п. 155); уништување на облеката и слично. Кај Вук Караџиќ среќаваме една преубава метафора за девојката и планината, момчето и ореовата сенка:

О дјевојко, висока планино,
Ја умријех, не успех се на те!
Вај, јуначе, орахови ладе,
И ја умрех, не легох пода те!
(Караџић, п. 4)

Водата, планината (шума, гора и сл), земјата се среќаваат како метафори на плодноста и нивната симболика се пресликува и на женското тело:

Ајде село да селимо!
Гди ћемо га населити?
Међу ноге девојачке,
Та ту може село бити:
Има шуме, има воде,
Има земље за орање!
(Караџић, п. 8)

Е, тук’ село бива:
тука шума има,
тук’ вода извира,
тук’ се кол з’бива!
(Котев, п. 32)

Инцестуозните мотиви исто така се застапени во еротските народни песни. Во светот на песната моралот е свртен наопаку, односно целосно осквернавен, особено во песните во кои јунакот влегува во инцестуозна врска со блиска роднина, или пак јунакот има полов однос со животно. Таков пример е песната „Марко ебе ждребе“, во која е преставен Крале Марко во полов однос со ждребе пред очите на лична Ангелина, на нејзиното прашање зошто го прави тоа, одговорот е: „Мори моме, лична Ангелино, / сега ждребе, а па утре – тебе!“ (Котев, п. 25). Ајдачиќ, говорејќи за еротските приказни во кои се присутни инцестуозни епизоди, посочува дека сликата на светот е претставена како анти-свет. Моралната поука намерно се гради преку негирање на сите позитивни вредности, нивно понижување и уништување, а горчината од сеопштиот морален раскол е надополнета со отсуството на какво било навестување или надеж дека може да стави ред во еден таков страшен неред и анархија.

Еротските народни песни засмејуваат, забавуваат, разонодуваат, но од друга страна суптилно критикуваат, исмејуваат, жигосуваат. На прв поглед песните со еротски предзнак се доживуваат како порнографски содржини за чие пренесување се неопходни посебен простор, посебно време и специфична група слушатели. Меѓутоа, научниот пристап и обидот за конкретно дешифрирање на овој богат фолклорен вид, покажува посебна слоевитост и специфики, што задираат длабоко до основните и универзални цивилизациски концепти. Ласцивниот поетски говор има магиска функција која не се секогаш на прв поглед се препознава. Народните песни со еротски

предзнак најчесто претставуваат своевидна метанарација со чие исчитување се детектираат социјалните, полови и културолошки слоеви.

## Цитирана литература


Витанова-Рингачева, Ана. „Еротскиот фолклор како актуелен предизвик (Иван Котев, *Играле моми по месечина. Еротска народна поезија и проза од Струмица и Струмичко*. Струмица, 2018)“. *Спектар* 73 (2018): 159–166.

Дамјанов, Сава. *Српски еротикон*. Београд: Службени гласник, 2011.

Здравев, Ѓорѓи, Танас Вражиновски. „Костимирањето и маскирањето во зимските обредни игри во Македонија. Обичаи со маски“. Во: Владимир Боцев (ур.). *Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски“*, Вевчани – Струга 1996. Скопје: Музеј на Македонија, 1998: 63–69.

Карановић, Зоја. „Архајски корени српске усмене лирске поезије”. У: Карановић, З. (прир.). *Антологија српске лирске усмене поезије*. Београд: Завод за уџбенике, 2010: 10–63.

Карановић, Зоја. „Лајте га, лајте га: Смеховно и еротско у српским народним песмама које су певане на седенћу – из теренске збирке са Тимока”. *Годишњак Катедре за српску књижевност са јужнословенским књижевностима*, 15 (2020): 27–48.

Мильов, Симеон. *Скришен фолклор*. София: 1992.

Пандуревић, Јеленка. „Фолклорни еротикон између обредне и поетске метафоре”. *Књижевна историја*, 159, (2016): 9–36.

Станоева, Ива: „Тялото – голо и облечено”. *Български фолклор*, XX, кн. 2 (1994): 74–82.

Цветановска, Јелена: „Магија, грев и казна”. *Македонски фолклор*, година 30, бр. 61 (2002): 97–112.

Ajdačić, Dejan. „O smešnom i o moralizmu u erotskim pričama”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 474–506.

Bahtin, Mihail. *Stvaralaštvo Fransoa Rablea i narodna kultura srednjega veka i renesanse*. Beograd: Nolit, 1978.

Batler, Dž. *Tela koja nešto znače: o diskurzivnim granicama „pola”*. Beograd: Samizdat B92, 2001.

Chevalier, Jean. Gheerbrant, Alain. *Rječnik simbola*. Zagreb: Nakladni zavod Matice Hrvatske, 1987.

Kajoa, Rože. *Igre i ljudi: maska i zanos*. Beograd: Nolit, 1965.

Krekovičova, Eva. „Erotski motivi u slovačkim narodnim pesmama, prikaz problematike”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 376–398.

Marcuse, Herbert. *Eros i civilizacija*. *Filozofsko istraživanje Freuda*. Zagreb: Naprijed, 1985.

Miceva, Evgenija. „Erotski folklor i njegovi nosioci”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 464–473.

Radenković, Ljubinko. „Magijska funkcija polnih organa. Ljudsko telo u vertikalnoj podeli”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 25–32.

Risteski, Ljupčo. „Orgijastički elementi obreda u vezi sa kultom Meseca kod balkanskih Slovena”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 53–72.

Stanoev, Stanoj. „Seksualni vic. Po materijalima iz bugarskog folklora”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture. 2000: 507–527.

Uspenski, Boris. „*Zavetne skaske* A. G. Afanasjeva”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 443–463.

Venžovič-Zjulkovska, Dobroslava. „Narodni seksualizmi u svetlu poljske opscene poezije”. U: Ajdačić, D. (prir.). *Erotsko u folkloru Slovena: zbornik radova*. Beograd: Stubovi kulture, 2000: 349–375.

## Извори

Караџић, Вук. *Српске народне песме из необјављених рукописа Вука Стефановића Караџића*. Књига пета. *Особите пјесме и поскочице*. Живомир Младеновић и Владан Недић (прир.). Београд: САНУ, 1974.

Котев, Иван. *Играле моми по месечина* (*еротска народна поезија и проза од Струмица и Струмичко*). Струмица, 2018.

Пандуревић, Јеленка. *Еротске метафоре и поетика постфолклора*. <http://doi.fil.bg.ac.rs/pdf/eb_ser/msc/2018-2/msc-2018-47-2-ch10.pdf > 02. 12. 2022.

Ана Витанова-Рингачева

ЕРОТСКЕ НАРОДНЕ ПЕСМЕ У МАКЕДОНСКОЈ И СРПСКОЈ ТРАДИЦИЈИ У КОНТЕКСТУ ОБРЕДНЕ ПРАКСЕ
(На примерима из књиге *Играле моме по месечини* Ивана Котева и дела Вука Караџића)

Резиме

Еротски фолклор садржи вредне материјале који могу бити изузетно корисни у проучавању живота и традиције једног народа, али и ширег подручја уопште, као што је јужнословенски фолклор. Увид у наслеђе Вука Караџића и Ивана Котева, када је реч о еротским песмама, показао је да су мотиви који се налазе у еротској поезији заједнички и македонском и српском еротском фолклору. Еротски фолклор садржи окамењене елементе древних култова, који и данас имају своје реликте. Еротске песме имају своје архаично порекло, односно, у најнепосреднијој су вези са иницијацијским обредима и обредима плодности који обухватају магијске активности за обнову природе. Управо ти архаични слојеви нашли су свој одраз у еротској поезији сакупљеној на тлу Македоније и Србије.

**Кључне речи**: еротски фолклор, обреди, песме, игра, Иван Котев, Вук Караџић.

*На корицама*

Амблем Удружења фолклориста Србије

„Увод у словенску литургију” из циклуса *Словенска епопеја*,

Алфонс Муха

Споменик Ћирилу и Методију, Томе Серафимовски

Темнићки натпис, XI век, Народни музеј Србије

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

398(082)
82.09(082)

САВРЕМЕНА српска фолклористика XII : тематски зборник радова / уредници Данијела Петковић, Дејан Ајдачић. - Београд : Удружење фолклориста Србије : Универзитетска библиотека "Светозар Марковић" : Комисија за фолклористику Међународног комитета слависта ; Лозница : Центар за културу "Вук Караџић" ; Тршић : Научно-образовно културни центар "Вук Караџић", 2023 (Београд : Графтек). - 473 стр. : илустр. ; 24 cm

"Међународни научни скуп Савремена српска фолклористика XII одржан је од 30. септембра до 2. октобра 2022. године у Тршићу." --> Уводна реч. - Радови на више језика. - Тираж 300. - Стр. 9-10: Уводна реч / Уредници. - Напомене и библиографске референце уз радове. - Библиографија уз сваки рад. - Резимеи на енгл., рус. или срп. језику.

ISBN 978-86-7301-193-6 (УБСМ)

1. Петковић, Данијела, 1975- [уредник] [аутор додатног текста] 2. Ајдачић, Дејан, 1959- [уредник] [аутор додатног текста]
а) Фолклористика - Зборници b) Књижевност - Зборници

COBISS.SR-ID 124522505